редакција маркетинг претплата контакт
ВЕСТ www.vest.com.mk Читај и мисли слободно Слободен дневен

http://star.vest.com.mk/default.asp?id=131947&idg=7&idb=2009&rubrika=Makedonija

**Година: 7 Број:2009 Четврток 3/1/2007**

**Македонија**

МЕШТАНИ ОПУСТОШИЈА ЕКОЛОШКИ ПОЈАС ВО ДЕБАРЦА

## Ја исекле шумата мислејќи дека е болна

Од ЈП "Македонски шуми", под чија заштита се речиси 90 отсто од шумите во Македонија, велат дека не знаат за дивата сеча на дрвјата покрај Слатинска Река. Оттаму апелираат до мештаните да не ја опустошуваат шу



Шумскиот појас покрај Слатинска Река во Дебарца е уништен со масовна сеча. На дрвјата се појавил светло жолт лишај, кој, иако според експертите е знак дека овој дел од Македонија е еколошки суперчист, кај локалното население предизвикал паника дека шумата е болна, па почнало масовно да ја сече. Од ЈП "Македонски шуми", под чија заштита се речиси 90 отсто од шумите во Македонија, велат дека не знаат за дивата сеча на дрвјата покрај Слатинска Река. Оттаму апелираат до мештаните да не ја опустошуваат шумата, оти лишаите се природна појава, а не штетна болест.

Лишајот ги има обвиткано стеблата и гранките на речиси цела шума во Дебарца. Поради неговата специфична боја дрвјата изгледаат како да имаат златна обвивка, која создаде сомнеж кај жителите од овој крај дека се работи за некоја страшна болест на шумата. Мештаните од околните села велат дека порано не виделе вакво чудо, па за да ги заштитат останатите дрвја почнале да ја сечат шумата.

"Страв ни е дека болеста ќе се прошири и на другите стебла. Златесто жолтата обвивка, покрај тоа што ја има на боровата шума, почна да се појавува и на листопадните дрвја. И лани ја имаше, но годинава таа уште повеќе се прошири на стеблата", велат жителите од неколку охридски села покрај Слатинска Река.

Проф. д-р Митко Караделев, миколог од Институтот за биологија при ПМФ, вели дека не се работи за никаква болест, туку напротив, тоа се лишаи кои никако не можат да им наштетат на дрвјата.

"Се работи за хантхорија париетина, вид габа, која живее само во еколошко чиста средина. Има специфична боја и се размножува со спори кои ги пренесува ветерот. Тоа е причината што брзо се шири на дрвјата", вели д-р Караделев.

Според него, оваа габа бара влага за размножување и ги користи азотните соединенија. Иако живее на дрво не е паразит и не му влијае штетно. Караделев апелира дека шумите на кои се појавија лишаите треба да се заштитат од сечење оти не се заболени, туку напротив на нив се има појавено знак дека природата е чиста.

(З.В.- И.С.)